2025102241

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 8 став (9) од Законот за стоковните резерви („Службен весник на Република Макдонија“ бр.84/08, 77/09, 24/11, 43/14, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21 и 74/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 20 мај 2025 година, донесе

# УРЕДБА ЗА КРИТЕРИУМИТЕ И УСЛОВИТЕ ЗА ИЗБОР НА СКЛАДИШТАРИ ВО ПОГЛЕД НА ПРОСТОРОТ НАМЕНЕТ ЗА СКЛАДИРАЊЕ И ЧУВАЊЕ НА СТОКОВНИТЕ РЕЗЕРВИ

Член 1

Со оваа уредба се пропишуваат критериумите и условите за избор на складиштари во поглед на просторот наменет за складирање и чување на стоковните резерви.

Член 2

Покрај критериумите и условите утврдени во член 8 од Законот за стоковните резерви, складиштарот треба да располага со простор наменет за складирање и чување на стоковни резерви кој треба:

- да е градежно-технички погоден за намената за која е определен;
- да е изграден од цврст незапалив материјал кој спречува појава на влага, со ѕидови, подови и плафони изработени од материјали погодни за чистење, дезинфекција и дезинфицирање;
- да се наоѓа на суво, исцедно или дренирано земјиште;
- да е поврзан со комунална инфраструктура;
- да има функционална поврзаност на просториите (хоризонтална и вертикална) за непречена работа со стоковните резерви во сите фази сметано од прием, сместување, чување, обновување и испорака, без ризик и можности за мешање на производите;
- да биде ограден;
- да има непречен пристап за истовар и утовар на стоките;
- да има природно или вештачко осветлување и вентилација;
- да е заштитен од влез на инсекти, птици и глодари;

да има опрема, прибор и алат за прием, складирање и манипулирање со стоките;

- да има опрема за мерење - вага за соодветен вид на стока, со записи со кои се верифицира нејзината техничка исправност и исправноста на мерењата;
- да има рачни сонди за земање примероци (мостри) од масата на житни зрна;
- да има опрема за утврдување на квалитет на житата и тоа за утврдување најмалку хектолитарска маса, содржина на примеси и влага;
- да има опрема за утврдување на квалитетот на оризовата арпа и тоа за утврдување најмалку содржината на влага и рандман на оризовата арпа и
- да се обезбедени сите потребни мерки на физичко обезбедување на складиштето и противпожарна заштита согласно важечките прописи.

Максималните количини на стоки од стоковните резерви дадени на складирање и чување, не треба да надминат 70% од вкупните функционални капацитети на складиштарот.

Член 3

(1) Исполнувањето на критериумите и условите од член 8 од Законот за стоковните резерви, се докажува со доставување на следните документи:

- документи за тековна состојба и регистрирана дејност издадени од Централен регистар на Република Северна Македонија;
- извештај за билансот на состојба и податоци од билансот на успех, издаден од Централен регистар на Република Северна Македонија;
- доказ за сопственост или право на користење на просторот наменет за складирање и чување на стоки од стоковните резерви, кој ги исполнува условите од член 2 на оваа уредба;
- потврда дека не е отворена постапка за стечај, од надлежен орган;
- потврда дека не е отворена постапка за ликвидација, од надлежен орган;
- потврда за платени даноци, придонеси и други јавни давачки, од надлежен орган;

документ за исполнување на пропишани услови за вршење на дејност издаден од надлежен орган, а за складиштарите на нафтени деривати лиценца за складирање издадена од надлежен орган;

(2) Документите од ставот (1) на овој член не треба да бидат постари од шест месеци, освен документите од став (1) алинеја 7 на овој член и се доставуваат во оригинал или копија заверена од складиштарот.

Член 4

При вршење на изборот на складиштари на стоковни резерви се води сметка за територијалната разместеност на стоковните резерви, при што податоците за територијалната разместеност на стоковните резерви претставуваат класифицирни информации.

Член 5

Со денот на влегувањето во сила на оваа уредба, престанува да важи Уредбата за критериумите и условите за избор на складиштари во поглед на просторот наменет за складирање и чување на стоковните резерви („Службен весник на Република Македонија” бр.39/10).

Член 6

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр. 50-3332/6
20 мај 2025 година
Скопје

Претседател на комисија и
Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.